Влада на Република Северна Македонија
Комисија за организации со статус од јавен интерес

Qeveria e Republikëssë Maqedonisë së Veriut
Komisioni për organizata me status të interesit publik

Арх. број/Num. ark.: 21-211/1
Датум/Data: 26.6.2023 година

До:
Здружение Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово - Пласница
Пласница б.б.
Општина Пласница

Предмет:Барање за постапување по Деловниот и финансискиот извештај за 2021 година на Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово - Пласница, со статус на организација од јавен интерес

Почитувани,

Комисијата за организации со статус од јавен интерес на седницата одржана на ден 08.06.2023 година, го разгледа Деловниот и финансиски извештај за 2021 година, на Здружението „Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово“ - Пласница, со статус на организација од јавен интерес и утврди дека Деловниот и финансискиот извештај не ги содржат сите потребни податоци согласно Правилникот за образецот за формата и содржината на деловниот и финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес („Службен весник на РМ“ бр.18/2011).

Имено, Комисијата констатираше дека наведената веб страница на здружението е нефункционална, поради што е потребно здружението да прикаже дека Деловниот и финансискиот извештај за 2021 година, се објавени на веб страницата на здружението, а согласно со член 87 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16 и „Сл.весник на РСМ“ бр.239/22).

Член 75 став 1 алинеја 8 од Законот за здруженија и фондации, пропишува:„Здружението или фондацијата ќе се здобие со статус на организација од јавен интерес, ако има пропишано правила за судир на интереси и за обезбедување на транспарентност и јавност во работењето“.

Член 85 став 1 пак пропишува:„Организацијата со статус од јавен интерес е должна за својата работа еднаш годишно да поднесе деловен и финансиски извештај, одобрен од органот определен со статутот, за својата работа до Владата на Република Македонија за усвојување, а најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година“. Членот 87 пак, нормира: „Извештаите од членовите 85 и 86 на овој закон се јавни и се објавуваат на веб страницата на организацијата со статус од јавен интерес до 30 април во тековната година за претходната година“.


Administration